**Известување за превземање на ексклузивните права за HEALTHAID LTD UK**

Реплек АД Скопје известува дека заклучно со 20.03.2024, по интензивни и обемни преговори, пристапи кон потпишување и комплетирање на целокупните договори со Д-р. Дејан Николовски, Демакс Нова Инт. дооел Скопје, Демакс Нова доо РС како и со HealthAid Limited UK од Велика Британија.

Со тоа е постигнато официјално превземање на сите ексклузивни права за регистрација, увоз, дистрибуција, маркетинг, продажба и извоз на производите на HealthAid Limited UK од Велика Британија.

Согласно договорите од 21.03.2024 Реплек АД Скопје е единствената компанија која ги поседува сите ексклузивни права поврзани со брендот и териториите.

**Клучни детали од договорите:**

1. **Стекнување со ексклузивни права:** РЕПЛЕК АД Скопје се стекна со ексклузивни права за регистрација, увоз, дистрибуција, маркетинг, продажба и извоз на производите на HealthAid Limited UK, Велика Британија.

2. **Територијална покриеност:** Ексклузивните права што се предмет на договорите ги покриваат териториите на Македонија, Србија, Босна и Херцеговина, Косово, Хрватска, Словенија и Црна Гора.

Со отпочнувањето на овој значаен проект, Реплек АД Скопје ја потврдува својата посветеност кон зголемување на своите пазарни позиции и стратегија на долгорочен раст и развој, и добросостојба во регионот.

Со почит,
Реплек АД Скопје